УЖП.бр.940/2010

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Киро Здравев - претседател на советот, Зирап Лимани и Дане Илиев - членови на советот, одлучувајќи по жалбата на тужителот Здружение РАДКО, претседател Владимир Паунковски од Охрид, против пресудата на Управниот суд Скопје У.бр.5208/2009 од 24.06.2010 година, за упис во Централен регистар, на седницата одржана на ден 17.05.2011 година, донесе:

# П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот, СЕ УВАЖУВА.

Пресудата на Управниот суд У.бр.5208/2009 од 24.06.2010 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА И СЕ ПРЕСУДУВА:

Тужбата на тужителот, СЕ УВАЖУВА.

Оспореното решение на Комисијата за жалби – Скопје бр.15-80/2 од 31.08.2009 година, СЕ ПОНИШТУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд Скопје со пресуда У.бр.5208/2009 од 24.06.2010 година, тужбата на тужителот, против решението на Комисијата за жалби – Скопје бр.15-80/2 од 31.08.2009 година, ја одбил како неоснована.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот, поради погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, побиваната пресуда да се преиначи на начин што тужбата ќе се уважи, а оспореното решение ќе се поништи и прифати барањето за упис во Централниот регистар.

Врховниот суд на Република Македонија, по проучување на списите по предметот, наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парничната постапка, најде:

Жалбата е основана.

Видно од списите по предметот, Здружението РАДКО било регистрирано во „Регистарот на здруженија" на ден 19.06.2000 година со Решение на Основниот суд во Охрид.

Со одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.168/2000 од 21.03.2001 година (објавена во „Службен весник на РМ" бр. 27 од 10.04.2001 година), биле поништени: Програмата за работа на Здружението на граѓани "Радко"- со седиште во Охрид, донесена на Собранието на основачите, на седницата одржана на 24 мај 2000 година и Статутот на Здружението на граѓани "Радко"- со седиште во Охрид, донесен на Собранието на основачите, на седницата одржана на 24 мај 2000 година.

Уставниот суд оценил дека Програмата и Статутот на Здружението на граѓани Радко – Охрид се насочени кон насилно рушење на државниот поредок и претставуваат пречка за слободно изразување на македонскиот народ, односно негација на неговиот идетитет и потикнуваат национална и верска омраза и нетрпеливост.

Основниот суд Охрид, постапувајќи по службена должност со Решение од 16.01.2002 година, утврдил престанок на работата на Здружението.

Апелациониот суд Битола со решение од 11.02.2002 година постапувајќи по жалбата на Здружението Радко, против Решението на Основниот суд Охрид, истата ја одбил како неоснована. Судот образложил дека одлуката на Основниот суд е во согласност со законот, ако се има предвид дека одлуката на Уставниот суд произведува правно дејство од денот кога е објавена во Службен весник на Република Македонија, а тоа е 10.04.2001 година, односно истата станала конечна и извршна.

Пред Европскиот суд за човекови права Здружението на граѓани Радко и Паунковски иницирале постапка (апликација 74651/01), против Република Македонија, врз основа на член 34 од Конвенцијата за заштита на човековите права и слободи .

Од фактите по предметот Европскиот суд за човекови права утврдил дека Република Македонија ја нарушила ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ и правото на здружување, задолжувајќи ја државата да им плати на жалителите правичен надомест од 5.000 евра за нематеријална штета и 4.000 евра по однос на трошоци и надоместоци.

Според Европскиот суд за човекови права, одлуката на Уставниот суд довела до распуштање на Здружението, што претставува вмешување во правата на жалителот од член 11 од Конвенцијата. Според судот Статутот и програмата на Здружението не можат да бидат земени предвид како единствен критериум за одредување на неговите цели и намери, а Уставниот суд не дал никакви објаснувања за тоа од кои причини смета дека негирањето на македонскиот идентитет е еднаков на насилство и уривање на уставниот поредок. Прекумерни мерки од превентивна природа за спречување на слободата на здружување и изразување, освен во случаи на иницирање на насилство или отфрлање на демократските принципи, ја повредуваат демократијата. Оттука, Европскиот суд за човекови права оценил дека ограничувањето применето во конкретниот случај не претставувало неопходна општествена потреба.

Здружението „ Радко" повторно поднело пријава за упис во Централниот регистар, кој со решение бр.08-639/2 од 31.07.2009 година, го одбил предметното барање. Органот образложил дека подносителот на пријавата не постапил во целост по Известувањето под дел.број 30320090002987 од 27.07.2009 година и согласно член 47 од Законот за здруженија не ги отстранил недостатоците во постапката.

Тужениот орган , со сега оспореното решение ја одбил како неоснована жалбата на Здружението, со образложение дека истата не содржела причини за побивање на првостепеното решение.

Управниот суд, со побиваната пресуда, заклучил дека во случај кога тужителот со жалбата изјавена против првостепеното решение не дал образложение на истата ниту пак навел причини поради кои го побива решението, правилно постапил тужениот орган кога го донел оспореното решение.

Врховниот суд на Република Македонија, наоѓа дека со побиваната пресуда е повреден законот на штета на тужителот.

По однос на основите во жалбата по кои може да се побива решение, Врховниот суд на Република Македонија смета дека и покрај фактот што жалителот не навел жалбени причини, должност на второстепениот орган е да утврди дали решението содржи причини за решителните факти и дали тие причини произлегуваат од доказите приложени . Второстепениот орган во постапка по жалба, внимава на правилно и целосно утврдена фактичка состојба и на правилна примена на материјалното право од страна на првостепениот орган.

Во конкретниот случај Централниот регистар основ за својата одлука наоѓа во членот 47 став 3 од Законот за здруженија на граѓани и фондации ( "Сл. весник на Р Македонија" бр. 31/98 од 02.07.1998 год.).

Според членот 47 од овој закон, ако судот утврди дека статутот не ги содржи елементите од членовите 20 и 37 на овој закон или ако утврди дека пријавата за упис во регистарот не е комплетна, ќе му укаже за тоа на подносителот на барањето и ќе му определи рок од 30 дена во кој е должен да постапи по укажувањето.

Доколку во определениот рок подносителот на барањето за регистрација не постапи по укажувањето, основниот суд со решение ќе го одбие барањето за упис во регистарот.

Судот нема да изврши упис во регистарот ако утврди дека целите и дејствувањето, актот за основање, статутот и програмата на здружението на граѓани и фондацијата не се во согласност со членовите 3 и 4 на овој закон.

Со измени и дополнувања на Законот за здруженија на граѓани и фондации (Службен весник на Р. М. бр.29 од 09.03.2007 година) , членот 47 ставот 1 се менува и гласи:

"Ако Централниот регистар утврди дека пријавата за упис во регистарот не е во согласност со членот 44 од овој закон ќе му укаже за тоа на подносителот на барањето и ќе определи рок од 30 дена во кој е должен да постапи по укажувањето".

Во ставот 2 зборовите: "основниот суд" се заменуваат со зборовите:"Централниот регистар".

Ставот 3 се брише.

Во конкретниот случај, првостепениот орган се впуштил во оценка на програмата и Статутот на Здружението, според одредбата од член 47 став 3 од Законот за здруженија на граѓани и фондации, притоа без да има предвид дека со Законот за измени и дополнувања од 2007 година овластувањето што го имаше Основниот суд со став 3 од членот 47 е избришано. Оттука, Централниот регистар, навлегол во овластување кое повеќе не постои во законот.

Органот, наоѓаќи дека програмата и Статутот на Здружението се насочени кон разгорување на национална и верска омраза и нетрпеливост, со известување од 27.07.2009 година, неосновано побарал од подносителот на пријавата за упис да ги отстрани недостатоците.

По однос на овие околности Европскиот суд за човекови права веќе се изјаснил со своја пресуда – погорецитирана и во тој дел Централниот регистар требал тоа да го изврши.

Согласно член 46 став 1 од Европската конвенција државата потписничка ја презема обврската што произлегува од конечната пресуда на Европскиот суд за човекови права, во секој случај каде таа е странка.

Во смисла на цитираните закони Централниот регистар секогаш мора да изврши регистрација, кога барателот ги исполнува условите од членот 47 од Законот за здруженија на граѓани и фондации, односно пријавата е во согласност со членот 44 од истиот закон.

Решението за регистрација на правни лица – Здруженија и фондации е врзано за закон. Со закон врзано решение е таков конкретен управен акт, каде што со прописи однапред е пропишано, кога и при какви услови и со точно одредена содржина ќе се донесе решението.

Тужениот орган, бил должен да го испитува првостепеното решение во тој правец, пред се да утврди дали основот за одлучување произлегува од законот. Во случај кога првостепеното решение се заснова на непостоечка правна норма, органот погрешил кога оценил дека нема основани причини за поништување на истото.

При ваква состојба, Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека жалбата е основана и има потреба од повторно разгледување и одлучување по предметот. Во повторната постапка тужениот орган треба да ја има предвид Одлуката на Европскиот суд за човекови права и забелешките дадени во оваа пресуда, правилно да ги примени одредбите од Законот за здруженија и фондации, по што ќе донесе правилна и законита одлука.

Во повторната постапка Врховниот суд на Република Македонија укажува дека согласно член 103 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ, бр. 52 од 16.04.2010 година ), започнатите постапки за регистрација на организациите започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на овој закон.

Поради наведените причини, следуваше Врховниот суд на Република Македонија, да одлучи како во изреката на пресудата согласно член 355 од Законот за парничната постапка.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 17.05.2011 година под УЖП.бр.940/2010.

Претседател на советот - судија
Киро Здравев с.р.

За точноста на отправокот - т в р д и: секретар

СН/